ОБУКА
„Право на здравје–обезбедување на параправна помош “
19 октомври 2013 година

# Права на пациенти и систем за заштита на правата на пациентите - Закон за заштита на правата на пациентите

# Прописи од областа на здравството

- Закон за здравствената заштита
- Закон за здравственото осигурување
- Закон за заштита на правата на пациентите
- Закон за заштита на населението од заразни болести
- Закон за менталното здравје
- Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување
- Закон за земање и пресадување на делови од човековото тело заради лекување
- Закон за безбедност во снабдувањето со крв
- Закон за евиденциите од областа на здравството

# Закон за заштита на правата на пациентите

- Објавен во Службен весник на РМ, бр82/2008, 12/2009 и 53/11
- **заштитата на пациентите како потрошувачи**, како и во областа на заштитата на личните податоци во здравството
- приближување кон правото и праксата на Европската Унија во областа на посебната заштита на правата на пациентите

## Предмет на уредување на Закон за заштита на правата на пациентите

- **заштитата на правата** на пациентите во користењето на здравствената заштита,
- **правата и обврските на пациентите,**
- **правата и обврските на здравствените установи и здравствените работници и соработници,**
- правата и обврските на **општините и ФЗОМ,**
- **постапката за заштита** на правата на пациентите,
- **надзорот над спроведувањето** на законот

# Права на пациентот

- Пациентот ги има правата пропишани **со овој или со друг закон или со ратификуван меѓународен договор, конвенции, декларации и други меѓународни документи** што се однесуваат на заштитата на правата на пациентите

# Пациент

- е лице, **болно или здраво**, кое ќе побара или на кое му се врши одредена медицинска интервенција со цел за зачувување и унапредување на здравјето, спречување на болести и други здравствени состојби, лекување или здравствена нега и рехабилитација

# Медицинска интервенција

- секој преглед, третман или друга активност со превентивна, дијагностичка, терапевтска цел или со цел за рехабилитација што ја презема овластен здравствен работник

# Медицински податоци

- податоци што се однесуваат на здравјето на пациентот- ги вклучуваат податоците што се однесуваат на анамнеза, дијагноза, прогноза и третман на пациентот, како и податоците што имаат јасна и блиска врска со здравјето на пациентот

# Што треба да обезбеди заштитата на правата на пациентот

- **квалитетна и континуирана здравствена заштита, соодветна** на поединечните потреби на пациентот, со **отсуство** на било каква психичка и физичка злоупотреба , со **целосно почитување на достоинството на личноста и во најдобар интерес на пациентот** а во согласност со прописите од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување

# Начела на кои се заснова заштитата на правата на пациентите (начела на хуманост и достапност)

Начело на хуманост

- почитување на **личноста** на човекот,
- почитување на **личната самоопределба**;
- **физичкиот и психичкиот интегритет** на личноста, како и сигурноста на човекот;
- почитување на **приватноста на личноста**;
- **хумани релации** меѓу пациентот, здравствениот работник и соработник засновано на етички и деонтолошки принципи ;
- **право на искажување на болка и на ослободување од непотребна болка**, во согласност со тековното знаење во медицината
- **хумана 33 на терминално** болни, и
- **достоинствена смрт**

## Начела на кои се заснова заштитата на правата на пациентите (начела на хуманост и достапност)

Начело на достапност

- здравствени услуги што се **достапни** на сите пациенти подеднакво и без дискриминација;
- **континуитет** на здравствената заштита,
- праведна и фер **постапка за избор**/ селекција за третман, врз основа на медицински критериуми,
- **избор и промена** на здравствен работник и здравствена установа,
- достапност на **служби за домашно лекување**,
- **еднаква можност за заштита на правата на сите пациенти на територијата на Р М**

## Право на пациентот на учество во одлучувањето

- право на **информираност** и право на **прифаќање или одбивање** на определена медицинска интервенција– согласност/повлекување на согласност
- **ограничување по исклучок** само кога е тоа оправдано со здравствената состојба на пациентот, во случаи и на начин уредени со законот

# Право на информираност

- за **здравствената состојба**;
- препорачаните **медицински интервенции,**
- **можните предности и ризици** при спроведувањето/неспроведувањето на медицински интервенции;
- **правото на одлучување** и можните замени за препорачаните медицински интервенции;
- **причините за евентуалните разлики** на постигнатиот резултат од мед.интервенции во однос на очекуваниот
- **текот на постапката** при укажувањето на ЗЗаштита;
- **препорачаниот начин на живеење,**
- **правата од ЗЗ и ЗО** и постапката за остварување на правата
- **за имињата, стручната подготовка и специјализацијата на здр работници** кои му укажуваат З. заштита

# Како се даваат информациите

- Информациите на пациентот мора да му се дадат
- на разбирлив и соодветен начин за пациентот,
- со минимизирање на техничката, односно стручната терминологија,
- со цел да се добијат податоците од важност за третман на пациентот

# Одбивање на прием на информација

- со **писмена и потпишана изјава** да одбие прием на информација за природата на својата здравствена состојба и очекуваниот исход на предложените или преземени медицински интервенции

- **не може да се одрече од правото на информација** во случаите во кои мора да биде свесен за природата на својата болест, за да не го загрози здравјето на другите (пр Заразни болести)

# Право на прифаќање и одбивање на медицинска интервенција

- **прифати или да одбие определена медицинска интервенција,** *освен* во случаите интервенции чие одложување или непреземање би го загрозило животот и здравјето на пациентот, односно животот и здравјето на други лица со **потпишување на изјава**

# Заштита на пациент кој не е способен да даде изјава

- за пациентот кој е примен во ЗУ без негова согласност, за деловно неспособен или малолетен пациент, освен во случаи на неодложна медицинска интервенција, изјавата ја потпишува неговиот родител, законскиот застапник, односно старателот.
- во интерес на пациентот може да ја повлечат изјавата до почетокот на интервенцијата на ист начин на кој таа е дадена
- При спротивставени интереси-ЦСР

# Право да побара второ стручно мислење за здравствена состојба

- на **усно или писмено барање на пациентот** го дава здравствен работник со најмалку иста стручна подготовка, а **кој непосредно не учествувал во првичната медицинската интервенција** над пациентот

# Заштита на пациент над кој се врши научно истражување

- За вршење на научно истражување над пациент и вклучување на пациент во медицинска настава, неопходно е да се даде **изречна согласност** од пациентот.
- Согласноста  на пациентот е  **писмена**, датирана и потпишана од пациентот, дадена врз основа на прецизни и на разбирлив начин дадени информации за природата, важноста, последиците и ризиците на истражувањето
- Пациентот може да ја **повлече**  согласноста  во секое време, на начин на кој е дадена.

# Заштита на правата на пациент вклучен во медицинска настава

- За вклучување на пациент во медицинска настава неопходно е да се даде **свесна, јасна и доброволна писмена или усна согласност од пациентот**, дадена пред двајца сведоци врз основа на прецизен и на разбирлив начин, информации за природата, важноста, последиците и ризиците на наставата, дадени од страна на здравствениот работник што го вклучува пациентот во медицинската настава

# Пристап кон медицинското досие

- Пациентот има право да биде **информиран за медицинското досие и право на пристап до досието**
- Пациентот има право на **свој трошок во реален износ да добие извод или копија** на документи од медицинското досие
- Податоците од медицинското досие се **ажурираат на начин што обезбедува при внесот на нови податоци, да можат да се утврдат првично внесените податоци**

# Право на доверливост

- на **личните и медицинските податоци**, кои мора да се чуваат во доверба и после неговата смрт, во согласност со прописите за чување на професионалната и деловната тајна, како и за заштита на личните податоци

- **се чуваат** во согласност со прописите за чување на професионална и деловна тајна, како и за заштита на личните податоци

# Давање на информации за пациентот

- Пациентот треба да даде писмена или усна изјава за лицата на кои може да им се даде **информација за неговиот прием во болничка здравствена установа, односно изјава за лице за натамошна комуникација,** како и за неговата здравствена состојба, односно за лицата на кои не смее да им се даде таква информација
- Согласноста за давање на информации може да **се претпостави** само во случаи кога тие се даваат на друг здравствен работник, односно установа што продолжува да му укажува здравствена заштита на пациентот

# Исклучок

- **пациентот даде писмена согласност**;
- **се неопходни** за медицинска интервенција на пациентот **во друга установа**;
- се користат во **историски, научни, истражувачки или едукативни цели**, под услов идентитетот на пациентот да не може да се открие, и
- со цел за **заштита на животите, безбедноста или здравјето на др. лица**

# Право на професионални контакти и други права

- со **лица од ЗУ** и со други лица
- **прима посетители**, во согласност со куќниот ред на ЗУ, како и право да забрани посета на одредено лице или лица;
- прима и испраќа **пошта** и прави телефонски разговори на свој трошок;
- следи **радио и ТВ** во рамките на можностите на ЗУ;
- учествува, по свој избор во **верски активности** во рамките на можностите на ЗУ
- користи **викенд-отсуство** во согласност со неговата здравствена состојба, доколку тоа условите го дозволуваат.

# Право на самоволно напуштање на здравствена установа

- пациентот е должен да даде писмена или усмена изјава пред **двајца присатни сведоци** за намерата да ја напушти установата
- писмената **изјава се приложува во медицинското досие** на пациентот
- податокот за самоволното напуштање на ЗУ без најава, надлежниот здравствен работник е должен да го **запише во мед. досие на пациент**
- **Исклучок**-во случаите ако е штетно за неговото здравје или здравјето или безбедноста на други лица

# Право на приватност

- Пациентот има право на услови што обезбедуваат приватност при **медицинските интервенции, а особено при пружањето на личната нега**
- Медицинска интервенција може да се примени **само во присуство на оние лица кои се неопходни за извршување на интервенцијата**, *освен* ако пациентот се согласи или побара да биде поинаку

# Право на приватност

- Пациентот сместен во болничка здравствена установа има право:
  1) да биде сместен во **одвоени простории** од пациент со **различен пол**;
  2) **малолетен пациент да биде сместен одвоено од полнолетен пациент**;
  3) **да поседува предмети за лична употреба** за облекување, обезбедување на лична хигиена, како и за други лични и неопходни потреби, во согласност со неговата здравствена состојба и
  4) за сместување различно од наведеното пациентот може да даде писмена согласност.

# Обврски на пациентите

- **постапува според советите** на здравствените работници за нега,третман и рехабилитација;
- **почитува правилата за однесување** во здравствената установа, пропишани со општ акт на установата,
- да **дадете вистинити и доволни податоци за здравствената состојба**
- **прифати ангажман**, доколку е тој дел од неговата рехабилитација и ресоцијализација
- да го **почитува професионалното и човечко достоинство на здравствените работници**

# Обврски на здравствената установа

- обезбеди **лична сигурност** на пациентот за време на престојот во здравствената установа;
- го **информира пациентот за правата** и за остварување на тие права;
- го **информира пациентот, во сите фази** на здравствената заштита;
- му ги даде на пациентот **информациите пропишани со законот;**
- го **информира пациентот за имињата, стручната подготовка** и специјализацијата на здравствените работници кои му укажуваат непосредно здравствена заштита;

# Обврски на здравствената установа

- да **води медицинско досие** за пациентот;
- да обезбеди на пациентот **увид во медицинското досие;**
- да обезбеди **доверливост на податоците** што се однесуваат на здравствениот статус на пациентот,
- да даде **информација за приемот на пациентот во БЗУ** и за неговата здравствена состојба;

# Обврски на здравствената установа

- да овозможи на пациентот **прием на посетители** во  текот на престојот во БЗУ согласно со куќниот ред  на ЗУ,
- да овозможи на пациентот да прима и испраќа **пошта** и прави телефонски разговори на свој трошок;
- да овозможи на пациентот да следи **радио и телевизиски програми** во рамки на можностите на ЗУ;
- да овозможи на пациентот да користи **викенд-отсуство**

# Обврски на здравствената установа

- по приемот и распоредувањето на пациентот **да спроведе процедура за дијагностика, третман и рехабилитација на пациентот**
- да го **отпушти пациентот** ако стручниот тим утврди дека состојбата со здравјето на пациентот е подобрена до степен да може да се упати дома
- при отпуштањето задолжително се **информира за состојбата со неговото здравје и се упатува за остварување на права**

# Обврски на БЗУ

- Болничката здравствена установа е должна да ги формира следниве внатрешни контролни тела

  1) комисија за контрола на квалитетот на здравствената заштита која врши процена на медицинските постапки со цел за унапредување на квалитетот на медицинската заштита и
  2) комисија за етички прашања која расправа за прашања на медицинската етика

# Обврски на здравствените работници

- да **се грижи за реализацијата на правата** на пациентот при преземањето на медицинските интервенции;
- **совесно да ја врши својата должност** во согласност со правилата на медицинската етика,
- да **даде на пациентот потребни информации**,
- да **даде второ стручно мислење**

# Обврски на здравствените работници

- **почитува волјата на пациентот** во врска со информациите и медицинските интервенции,
- **обезбеди доверливост на податоците** што се однесуваат на здравствениот статус на пациентот,
- **приложи писмената изјава** во медицинското досие на пациентот,
- **запише во медицинското досие** на пациентот податокот **за самоволното напуштање** на ЗУ

# Унапредување и заштита на правата

- **Комисија** за унапредување на правата на пациентите во општината
- **советникот** за заштита на правата на пациентите и Канцеларија во БЗУ
- Други **ЗУ** -дава правни совети и помош
- **Државна комисија** за унапредување на правата на пациентите
- **МЗ** –лице за заштита на права на пациенти
- **ФЗОМ**
- **ДСЗИ**
- **Судска заштита**

## Комисија за унапредување на правата на пациентите во општината

- Со цел за унапредување на правата на пациентот општините и градот Скопје формираат **постојана Комисија за унапредување на правата на пациентите**,
- Општината да ја означи “Канцеларија на Комисијата за унапредување на правата на пациентите”
- Комисијата -**9 члена - пациенти, 2-НВО, 2-лекари, 3-од совет на општина**
- Член не смее- вработени во ЗУ
- **Мандат -2 години**, со право на уште еден избор
- **Средства за работа обезбедува општината**

# Задачи на Комисијата

- **унапредување на правата** и нивна заштита
- **ја следи и проценува состојбата** со заштитата на правата
- **разгледува поплаки и предлага** преземање на мерки до надлежни органи;
- **предлага мерки за подобрување на заштитата**
- **Соработува со надлежни органи**
- **Бара стручна експертиза** ако има потреба;
- **води евиденција за поединечни поплаки на пациентите** , како и за преземените мерки
- издава промотивен и друг материјал со цел за унапредување на заштита на правата
- Подготвува **годишен извештај** за советот на општината
- Издава **информации и промотивен материјал**
- Донесува **деловник за работа**
- Да **обезбеди тајност и заштита на податоците**

# Заштита на правата на пациентите во БЗУ

- **ЗУ е должна да дава правни совети** и помош на пациентите во однос на остварувањето и заштитата на нивните права
- **советникот за** заштита на правата на пациентите
- ЗУ е должна да определи, на лесно достапно место и **јасно означи** "Канцеларија на советникот за заштита на правата на пациентите"
- **Да го истакне текстот на законот**

# Советник за заштита на правата на пациентите во БЗУ

- **дава правни совети** и помош на пациентите за остварување и заштита на правата;
- **разгледува усмени и писмени поплаки** и дава мислење за решавање до директорот на ЗУ;
- води досие за секоја усмена или писмена поплака на пациентите, кое станува составен дел од медицинското досие на пациентот;
- **да посредува во мирно решавање** на прашањата помеѓу пациентот и здравствениот работник –од усна поплака
- **ги информира и обучува здравствените работници во ЗУ за остварување на правата**

# Здравствена установа во која не се сместуваат пациенти

- **дава правни совети и помош** на пациентите за остварување и заштита на правата;
- **разгледува усмени и писмени поплаки** и дава мислење за нивно решавање до директорот на ЗУ;
- **води досие за секоја усмена или писмена поплака на пациентите**, кое, по завршување на постапката, станува составен дел од медицинското досие на пациентот;
- **ги информира здравствените работници** за остварувањето на правата на пациентите
- ЗУ е должна, на видно и лесно достапно место да го **истакне** текстот на овој закон.

# Постапки

- **усна поплака** до директорот на ЗУ
- **писмена поплака** до директорот на ЗУ во рок од 8 дена од денот на повредата
- **Директорот** е должен да ги испита наводите во поплаката и во рок од 15 дена да го извести пациентот или неговиот законски застапник
- претставки и поднесоци до Мин за здравство,
- **МЗ** во рок од 15 дена да ги испита наводите во претставката и да го извести пациентот или неговиот законски застапник
- **Судска заштита** на сторена повреда на начин и во постапка утврдена со закон

- **Државна комисија за унапредување на правата на пациентите** (членови-пациенти, невладини организации, медиуми, стручни лица од област на заштита на права )
- **Министерство за здравство** –лице за заштита на права на пациенти

# Државна комисија за унапредување на правата на пациентите

- ја **следи и проценува состојбата** со заштитата на правата на пациентите
- ги следи меѓународните документи во областа
- **предлага мерки** за подобрување на заштитата
- **соработува со народниот правобранител** и други надлежните органи;
- **соработува со комисиите** од општините;
- **дава мислења, препораки и предлози** за унапредување на заштитата на правата
- **врши промоција на правата** на пациентите и нивната заштита;
- **подготвува и публикува годишен извештај** за заштита на правата на пациентите

# Заштита на правата во областа на здравственото осигурување

- **Фондот е должен да пружа стручна помош** на осигурените пациенти при остварувањето и заштитата на правата од здравственото осигурување
- подрачна единица да определи место и јасно означи "**Канцеларија за стручна помош на осигурените пациенти при остварувањето и заштитата на правата од здравственото осигурување** ",
- Остварувањето и заштитата на правата од **здравственото осигурување се врши во согласност со прописите од областа**

# Надзор

- Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон врши **Државниот санитарен и здравствен инспекторат**
- инспектор за заштита на правата на пациентите
- **Работното време** на инспекторот во кое прима странки треба да биде **видливо истакнато** на влезната врата на канцеларијата

# Подзаконски акти

- ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ИЗЈАВАТА ЗА СОГЛАСНОСТ, КАКО И НА ИЗЈАВАТА ЗА ОДБИВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНА МЕДИЦИНСКА ИНТЕРВЕНЦИЈА (Службен весник на РМ, бр 136/08)

- ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА (Службен весник на РМ, бр 137/11)

- Благодарам на вниманието

# Вежба – поднесок

- 1. институцијата до која се доставува
  2. назив на поднесокот-барање, преставка и сл
  3.подносител на преставката
  4. краток опис на содржината на барањето
  5. сумиран предлог  до институцијата
  6.име, презиме и потпис

# 1.Институцијата до која се доставува

- Се наведува називот на институцијата до која се поднесува поднесокот и седиштето (адреса-улица, број, град/населено место)
- Пр. Министерство за здравство

  Ул. Водњанска бр, 6 Скопје

Ако се поднесува до одредено лице се наведува

- Име и презиме и позиција
- Само позиција (ако не сме сигурни за името и презимето
- Пр. Петре Петрески, министер за економија или
- За министерот за економија

# 2.Назив на поднесокот

- Барање
- Преставка
- Молба
- Приговор
- Предлог
- Жалба и тужба – во управна и други видови на постапки
- И кога поднесокот не е именуван/нема назив – обврска е на институцијата да постапува

# 3.Подносител на преставката

- Име и презиме
- Адреса на живеење
- Телефонски број на кој странката е достапна

# 4.Краток опис на содржината на барањето

- Во описот на  на содржината на барањето- се наведува јасно и концизно на што се однесува поднесокот (сумирано хронолошко наведување на настаните во кратки и јасни реченици )

# 5. сумиран предлог до институцијата

- Поднесокот завршува со краток и јасен сумиран предлог до институцијата

  Пример:

  Поради тоа, барам да се испитаат наводите изнесени во поднесокот и на лице место да се утврди ............ За преземеното молам да ме известите.

## 6.име, презиме и потпис

- Поднесокот завршува со име, презиме и потпис на подносителот

Пример:

Подносител,

Петре Петревски

Своерачен потпис

- ***БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО***